Врз основа на член 4 од Одлуката за доделување субвенции на граѓаните на Општина Гевгелија за купување велосипед бр. 09-419/1 од 14.03.2025 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 6/25 г. ), Општина Гевгелија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за субвенционирање на граѓаните на Општина Гевгелија за купување велосипеди во 2025 година**

**1. Опис на јавниот повик**

Општина Гевгелија, со цел да ги стимулира жителите на Општина Гевгелија да користат велосипеди, на граѓаните кои ќе купат нов велосипед, ќе им надомести дел од трошоците во износ од 5.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход.

Јавниот повик започнува од 01.04.2025 година и ќе трае се до исцрпувањето на предвидените буџетски средства за оваа намена

Барањата од Јавниот повик ќе бидат разгледувани по редослед според датумот и времето на пристигнувањето, односно по принципот „прв дојден прв услужен“.

**2. Право на учество на Јавниот повик**

На Јавниот повик може да учествува лице кое ги исполнува следните услови:

- да е полнолетен жител на Општина Гевгелија;
- да е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;
- во домаќинството да нема друг член што поднел барање за добивање на ваков вид на субвенција.

Право на субвенционирање имаат лицата кои велосипедот го купиле во периодот од 1 април 2025 година се до моментот на исцрпување на средствата.

Барањата кои ќе бидат некомплетни и поднесени после истекот на рокот утврден во јавниот повик, ќе бидат одбиени или отфрлени со решение на Градоначалникот на општина Гевгелија со образложение на причините за тоа.

Лицата кои добиле надоместок за купување на велосипед во претходните години, немаат право да учествуваат на јавниот повик и нивните барања ќе бидат отфрлени.

Барањата со потребната документација се доставуваат во просториите на Општина Гевгелија секој работен ден од 08-16 часот.

**3. Потребни документи:**

Лицето кое ќе поднесе барање за доделување на субвенција за велосипед со барањето треба да ги достави следните документи:

- копија од важечка лична карта или важечка патна исправа;

- копија од трансакциска сметка;
- изјава за давање согласност за користење на лични податоци;
- потврда од Општина Гевгелија дека е платен данокот на имот за станбениот објект во кој живее;
- доказ дека велосипедот е купен од трговци кои дејноста ја обавуваат на подрачјето на Општина Гевгелија со приложување на фискална сметка или фактура.

**4. Начин на спроведување на јавниот повик**

Постапката за субвенционирање на велосипед ќе ја спроведе комисија формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија од редот на вработените во општинската администрација.

Градоначалникот, на предлог на Комисијата, ќе донесе решение за усвојување на барањето на барателите кои ги исполниле условите предвидени во јавниот повик.

Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исцрпување на предвидените средства за оваа намена.

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
Комисија за спроведување постапка
за доделување субвенции за набавка
на велосипеди

бр. 08-531/2
01.04.2025 год.
Гевгелија